Вкж1.бр.13/2019

ВРХОВНИОТ СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, во совет составен од Претседателот на судот Јово Вангеловски - Претседател на советот и судиите: д-р Џемали Саити, Шпенд Деваја, Рахилка Стојковска и Африм Фидани - членови на советот, со судски советник Соња Строимановска - како записничар, одлучувајќи по жалбата на обвинетиот Ј.К. од С., изјавена преку бранителите Драган Малиновски, Антонио Апостолски, Ана Камчева и Миле Наумовски, сите адвокати од С., против решението на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.76/19 од 07.02.2019 година, врз основа на член 166, член 443 став 3 и член 444 став 1 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на РМ“ бр.150/10, 100/12, 142/16, 193/16 и 198/18), на седницата на советот одржана на ден 04.03.2019 година, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

I

Жалбата на обвинетиот Ј.К. од С., изјавена преку бранителите Драган Малиновски, Антонио Апостолски, Ана Камчева и Миле Наумовски, сите адвокати од С., СЕ УВАЖУВА.

Решението на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.76/19 од 07.02.2019 година, СЕ ПРЕИНАЧУВА И СЕ ОДЛУЧУВА:

СЕ УКИНУВА мерката куќен притвор против обвинетиот Ј.К. од С., определен со решение на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.844/18 од 27.12.2018 година, сметано од 27.12.2018 година до 26.01.2019 година, продолжен со решението на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје I Скопје КИОК-КС.бр.17/19 од 25.01.2019 година, сметано од 26.01.2019 година до 08.02.2019 година и продолжен со решение на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.76/19 од 07.02.2019 година за уште 30 дена сметано од 08.02.2019 година од 01,00 часот до 10.03.2019 година до 01,00 часот, во рамките на кривичниот предмет што се води против обвинетиот за постоење на основано сомнение за сторено кривично дело - “Злосторничко здружување“ од член 394 став 1 од Кривичниот законик, три кривични дела - “Оштетување или повластување на доверители“ од член 257 став 3 во врска со став 2 од Кривичниот законик, кривично дело - “Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 4 во врска со став 3 и став 1 од Кривичниот законик, кривично дело - “Измама“ од член 247 став 4 во врска со став 1 од Кривичниот законик и кривично дело - “Перење пари и други приноси од казниво дело“ од член 273 став 5 од Кривичниот законик.

II

Обвинетиот Ј.К. од С. по приемот на решението ВЕДНАШ да се пушти да се брани од слобода.

О б р а з л о ж е н и е

Со решение на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.76/19 од 07.02.2019 година, предлогот на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите НСК-КО.бр.8/18 од 06.02.2019 година, за продолжување на мерката куќен притвор против обвинетиот Ј.К. од С., делумно е уважен, а мерката куќен против обвинетиот Ј.К. од С., против кого била спроведена мерка притвор бил определен притвор со решение на судија на претходна постапка при Основниот суд Скопје I Скопје КОК-ПП.бр.420/18-1 од 10.11.2018 година, во траење од 30 дена сметано од 10.11.2018 година од 01,00 часот до 10.12.2018 година до 01,00 часот, продолжен со решение на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје I Скопје КИОК-КС.бр.324/18 од 07.12.2018 година за уште 30 дена сметано од 10.12.2018 година од 01,00 часот до 09.01.2019 година до 01,00 часот, преиначена со решение на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.844/18 од 27.12.2018 година, во мерка куќен притвор во траење од 30 дена сметано од 27.12.2018 година до 26.01.2019 година, продолжен со решение на Кривичниот совет на Одделението за организиран криминал и корупција при Основниот суд Скопје I Скопје КИОК-КС.бр.17/19 од 25.01.2019 година, сметано од 26.01.2019 година од 01,00 часот до 08.02.2019 година до 01,00 часот, во рамките на кривичниот предмет што се води против обвинетиот Ј.К. од С., поради основано сомнение за сторено кривично дело - “Злосторничко здружување“ од член 394 став 1 од Кривичниот законик, три кривични дела - “Оштетување или повластување на доверители“ од член 257 став 3 во врска со став 2 од Кривичниот законик, кривично дело - “Злоупотреба на службената положба и овластување“ од член 353 став 4 во врска со став 3 и став 1 од Кривичниот законик, кривично дело - “Измама“ од член 247 став 4 во врска со став 1 од Кривичниот законик и кривично дело - “Перење пари и други приноси од казниво дело“ од член 273 став 5 од Кривичниот законик, е продолжен за 30 дена сметано од 08.02.2019 година од 01,00 часот до 10.03.2019 година до 01,00 часот, поради натамошно постоење на причините за мерката куќен притвор, согласно член 165 став 1 точка 1 во врска со член 163 став 1 од Законот за кривичната постапка. Мерката куќен притвор е одлучено дека ќе се извршува во домот на обвинетиот Ј.К. од С., на ул………. Бр…..….. - С.. Забрането му е на обвинетиот Ј.К. да се оддалечува и да го напушта домот на наведената адреса, без дозвола на судот. Надзорот при спроведување на куќниот притвор е одлучено дека ќе продолжи да го спроведува МВР на РМ СВР С. ПС ОН К., при што овластените службени лица од подрачната полициска станица во одредени временски интервали, ненајавено во текот на 24 часа ќе го проверуваат присуството на обвинетиот во неговиот дом на наведената адреса, а за секое непочитување на мерката куќен притвор, е задолжена надлежната полициска станица веднаш да го извести Основниот суд Скопје I Скопје. Обвинетиот е предупреден дека доколку не се придржува кон определените забрани против истиот ќе се определи мерка притвор, согласно член 163 став 4 од Законот за кривичната постапка.

Во образложението на предлогот на Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконско следење на комуникациите Скопје НСК-КО.бр.8/18 од 06.02.2019 година, за продолжување на мерката куќен притвор против обвинетиот Ј.К. од С., е наведено дека сеуште постои основот предвиден во член 165 став 1 точка 1 и 2 од Законот за кривичната постапка, како и ако се имаат во предвид околностите по однос на видот и тежината на кривичните

дела за кои постои основано сомнение дека ги сторил обвинетиот, висината на запретената казна за истите, истрагата сеуште е во тек и се превземаат истражни дејствија, основан е стравот дека обвинетиот може да се даде во бегство и да се крие и со тоа да ја попречува кривичната постапка, особено што обвинетиот е добро ситуиран, покрај македонско поседува и државјанство на Р.Б., поседува б. патна исправа и има живеалиште во Р.Б., има недвижен имот и во Р.Ф. и преку О.Х. има пренесено парични средства преку плаќање фактури за фиктивни обврски, кој факт произлегува и од содржината на разговорите прибавена со примена на посебни истражни мерки. Обвинетиот во Р.Б. има правно лице К. и учество во акционерски капитал Т. од Б., а лично тој и преку О.Х. и други правни лица под контрола на групата поседува и други правни лица во повеќе земји, како и повеќе Оф шор компании преку кои се вршело перење на пари. Во досегашниот тек на истрагата се сослушани голем број сведоци, но потребно е да се изврши распит уште на голем број сведоци со оглед дека е опфатен голем временски период. Бројот на сведоците и соучесниците се зголемува ако се има предвид дека првичната наредба за спроведување на истрага е проширена со наредба за спроведување истрага НСК-КО.бр.8/18 од 24.01.2019 година за уште едно кривично дело - “Оштетување или повластување на доверители“ од член 257 став 3 во врска со став 2 од Кривичниот законик, за кое обвинетиот заедно со лицето М.Њ., со кое кривично дело е сторена штета од големи размери на правното лице П.Д. и предизвикан лажен стечај над правното лице Г.Ц. С.. По однос на обвинетиот Ј.К. наредбата за истрага е проширена и со наредба за спроведување на истрага НСК-КО.бр.8/18 од 29.01.2019 година, за уште едно кривично дело – “Оштетување или повластување на доверители“ од член 257 став 3 во врска со став 2 од Кривичниот законик, сторено на штета на доверителите на правното лице М.П.М.. Во извршувањето на дејствијата делувал заедно со обвинетиот С.К., кој веднаш по првиот распит ја напуштил М. и сеуште не е вратен, бидејќи има и државјанство на Р.Х., а во дејствијата учествувала и обвинетата Ј.С.. Има наредби за вештачења, а дополнително треба да се издадат наредби за други вештачења. Околноста дека обвинетиот во текот на предистрагата пред да биде лишен од слобода по претходни добиени сознанија од Н.Ј. и С.М., дека во неговиот дом ќе се врши претрес, сокрил предмети кои биле во неговиот сеф и неговиот мобилен телефон, факт потврден и од сведокот З.М., што укажува дека доколку би бил пуштен да се брани од слобода ќе ја попречува кривичната постапка преку влијание врз сведоци и соучесници, поради што и понатаму постојат причините за продолжување на мерката куќен притвор против обвинетиот Ј.К. од С., согласно член 163 став 1 во врска со член 165 став 1 точка 1 и 2 од Законот за кривичната постапка.

Незадоволен од решението на Апелациониот суд Скопје КСЖ.бр.76/19 од 07.02.2019 година, останал обвинетиот Ј.К. од С., кој во законски предвидениот рок преку неговите бранители, до Врховниот суд на Република Северна Македонија поднесоа жалба, поради сторени суштествени повреди на одредбите на кривичната постапка и поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба, на околност дека постојат незаконити решенија за определување и продолжување на мерката притвор и куќен притвор донесени од страна на Основниот суд Скопје I Скопје и Апелациониот суд Скопје, со оглед дека во случајот не е утврдено дали подносителот за продолжување на мерката куќен притвор во случајот Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите Скопје е овластен тужителот, поради што во случајот сторена е повреда на одредбите од член 17 став 1 од Законот за кривичната постапка и е постапено спротивно на начелото на акузаторност и официјалност. Во конкретниот случај треба да се има во предвид

утврденото Начелно правно мислење на Општата седница на Врховниот суд на Република Македонија донесено на ден 30.01.2019 година. Исто така, и претходно донесените решенија од страна на судија на претходна постапка за определување на мерката притвор, како и другите решенија за обезбедување и одземање на патните исправи, не се поднесени од овластен тужител за да истите бидат законити, при што сторена е повреда на одредбата од член 166 од Законот за кривичната постапка. За продолжување на мерката куќен притвор од член 165 став 1 точка 1 од Законот за кривичната постапка, судот воопшто не го ценел фактот дека обвинетиот е неосудуван, истакнат бизнистмен кој раководи со успешни компании во Р.С.М. со 3000 вработени лица, ужива углед на успешен човек, кој не се занимава со криминални дејствија. При постапувањето судот треба да ја има судската пракса на Европскиот суд за човекови права во Стразбург и тоа случајот Василковски и други против Република Македонија, Rokhlina v.Russia бр.54071/00, § 67, 07.04.2005 godina, Ilijkov v.Bulgaria бр.33977/96, §§ 84-85, 26.07.2001, Goffi v. Italy бр.55984/00, Luordo v. Italy бр.32190/96 и Bassani v.Italy бр.47778/99, Hayibeyli v.Azerbajan бр.16528/05, § 63, поради што во случајот сторени се повреди на одредбите од член 5 и член 6 од Европската конвенција на заштита на човековите права и основните слободи. Во жалбата се предлага, истата да се уважи, обжаленото решение да се преиначи и мерката куќен притвор да се укине.

Овој Суд постапувајќи согласно член 421 став 2 во врска со член 444 став 1 од Законот за кривичната постапка, жалбата на обвинетиот и другите списи по предметот ги достави до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, кое пак со писмо под КОЖ бр. 19/19 од 20.02.2019 година, истите ги доставил до Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите Скопје.

Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите Скопје до овој Суд достави писмен предлог НСК-КОЖ бр.11/19 од 21.02.2019 година, кој предлог овој Суд не го имаше предвид при одлучувањето, бидејќи Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите Скопје, нема својство на овластен тужител во оваа постапка.

Врховниот суд на Република Северна Македонија, по извршениот увид во списите приложени кон предметот, наводите во жалбата, најде:

Жалбата е основана.

Врховниот суд на Република Северна Македонија ги ценеше наводите истакнати во жалбата и најде дека во конкретниот случај исполнети се законските услови за укинување на мерката куќен притвор против обвинетиот Ј.К. од С..

Согласно член 166 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на РМ“ бр.150/10, 100/12, 142/16, 193/16 и 198/18), притвор во претходна постапка определува судот по писмен и образложен предлог на овластен тужител и само врз основите што ги навел овластениот тужител во предлогот.

Според член 22 од Законот за Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите

Скопје („Службен весник на РМ“ бр.159/2015 од 15.09.2005 година), Јавниот обвинител кој раководи со Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите Скопје, може да покрене обвинение или да нареди запирање на истражна постапка во период не подолг од 18 месеци од денот на преземањето на предметите и материјалите во негова надлежност.

Цитираната законска одредба е јасна и недвосмислена и предвидува специфичен рок за покренување обвинение, чиј почеток се врзува со моментот на преземање на предметите и материјалите во надлежност на Јавното обвнителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите. Наведеното јасно произлегува од недвосмисленото граматичко толкување, како и од аспект на телеолошкото толкување на смислата и целите на самиот закон, како lex specialis, со кое Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластеното следење на комуникациите е формирано како времена ad hoc институција со строго ограничени временски рокови, а зад кои стои идејата со законско определен рок да се воспостави правна сигурност кај сите засегнати.

Во оваа смисла, Врховниот суд на Република Северна Македонија смета дека одредбата по однос на временскиот лимит за преземање на истражни дејствија и покренување обвинение од член 22 од Законот за јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, треба да се толкува во корист на обвинетиот што недвосмислено произлегува од неспорното Правно начело in dubio pro reo, цврсто востановено во казненото право и Меѓународното право за човековите права, што не навлегува во повреда на принципот  владеење на правото.

Одредбата е јасна и по однос на спроведување на истражните дејствија. Имено, доколку не покрене обвинение во опредлениот рок, Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластеното следење на комуникациите, треба да нареди запирање на истражната постапка, не само од причини што би било нецелисходно за водење на истрага за предмет во кој органот што ја води истрагата го пропуштил рокот за покренување обвинение, следствено на што не може да покрене обвинение, туку и за тоа што се работи за императивен законски рок, кој не може да се продолжува по било кој основ. Во дадениот рок од 18 месеци согласно член 22 од Законот за јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, Јавното обвинителство за гонење на кривични дела има само две алтернативи може да покрене обвинение, или да нареди запирање на истражната постапка.

Ваквиот став и толкување на одредбата наоѓаат оправдување пред се во потребата за правна сигурност како еден од темелите на правниот поредок но и почитување на принципот на владеење на правото, кој подразбира почитување на законите и тоа примарно од органите кои се задолжени за нивно спроведување.

Овој суд оценува дека Јавниот обвинител кој раководи со Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на неовластеното следење на комуникациите, може да покрене обвинение, или да нареди

запирање на истражната постапка до 30.06.2017 година, што значи не подолг од 18 месеци од денот на преземањето на предметите и материјалите во негова надлежност.

Овој суд при постапувањето го имаше во предвид утврденото Начелно правно мислење на Врховниот суд на Република Македонија донесено на 30.01.2019 година, кое гласи: „Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите може да покрене обвинение или да нареди запирање на истражната постапка во период не подолг од 18 месеци од денот на преземањето на предметите и материјалите од негова надлежност, како кумулативен услов кој не може да биде пречекорен сметано од денот на прием на материјалите од неовластно следење на комуникации од член 2 од Законот за јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите и по истекот на тој рок од 18 месеци не е овластен тужител за преземање на јавнообвинтелски работи на предистражни и истражни постапки предвидени со Законот за кривичната постапка“.

Во конкретниот случај, Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, поднело предлог за определување на мерка притвор против обвинетиот  Ј.К. од С., во ноември 2018 година, што е по истекот на 18 месеци, од денот на преземањето на предметите и материјалите од негова надлежност.

Оттука, Јавното обвинителство за гонење на кривични дела поврзани и кои произлегуваат од содржината на незаконското следење на комуникациите, не било овластено и не можело да поднесува предлози за определување на мерка притвор против обвинетиот, како и предлог за продолжување на мерката куќен притвор против обвинетиот, бидејќи нема таква стварна надлежност по истекот на 18 месеци од денот на преземањето на предметите и материјалите од негова надлежност.

Врз основа на погоре наведеното, следуваше да се одлучи како во изреката на ова решението, врз основа на член 166, член 443 став 3 и член 444 став 1 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на РМ“ бр.150/10, 100/12, 142/16, 193/16 и 198/18) .

Решено во Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 04.03.2019 година под Вкж1.бр.13/2019.

Судски советник-записничар<br>Соња Строимановска  с.р.

Претседател на Судот -советот<br>Јово Вангеловски  с.р.

За точноста на отправокот - т в р д и:секретар,